РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-583/3
11-07-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител без адресни податоци за контакт, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-та седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2860/1 од 04.11.2024 година и кон него спoениот предмет број 12-638/1 од 06.02.2025 година,, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за злоупотреби од --------- -------- ------------ - --------- -------- ---------------- со отворено одделение во --- -------, во спроведеување на отпочната постапка за јавна набавка на стоки- храна, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2860/1 од 04.11.2024 година и кон него спoениот предмет број 12-638/1 од 06.02.2025 година,, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 04.11.2024 година, доставена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за злоупотреби од -------------- --------- ---------- - ------------- -------- -- ---------- со отворено одделение во ----------, во спроведеување на отпочната постапка за јавна набавка на стоки, и оформен е предмет број 12-2860/1 од 04.11.2024 година.
Во пријавата е наведено дека договорниот орган поправна установа - ---------- ---------- ------ ----- ---------- со отворено одделение во ------- преку дефинирање на критериумите утврдени во тендерската документација го ограничила слободното движење на стоки и конкуренцијата на пазарот спротивно на Законот за јавни набавки.
Кон предметот е споен и предмет со број 12-638/1 од 06.02.2025 година оформен по пријава со исти предметни наводи заради постапување и одлучување на ДСК во единствена постапка.

Наведено е дека станува збор за набавка со број на оглас 15948/2024 од 02.10.2024 година, објавен преку преку Електронскиот систем за јавни набавки (во натамошниот текст: ЕСЈН), достапен на следнава интернет адреса https://www.e-nabavki.gov.mk и Правилникот за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/2019), каде што предмет на договорот е набавка на стоки- храна.
Дополнително во доставената пријава наведено е дека истата е доставена на надлежно постапување и до други државни органи меѓу кои и до Комисијата за заштита на конкуренцијата и Министерството за внатрешни работи на РСМ.
Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија за спречување на корупцијата побара од Комисијата за заштита на конкуренцијата на РСМ и Министерството за внатрешни работи да достават информација за тоа дали и како е постапено по однос наводите во предметната пријава односно да достават стручно мислење во однос на тоа дали преку дефинирањето на критериумите во тендерсата документација била ограничена конкуренцијата на пазарот.

Во законски утврдениот рок доставени се бараните информации и од увидот на доставеното утврдена е следната фактичка состојба:

Во доставениот одговор Комисијата за заштита на конкуренцијата укажува дека на ден 25.10.2024 година, од страна на познат подносител по електронска пошта е испратена пријава за незаконско постапување односно неправилности при спроведување на постапка за јавни набавки по оглас бр.---------/------- од --------- година, на договорниот орган Казнено поправна установа- казнено поправен дом Идризово со отворено одделение Велес. Дополнително се посочува дека истата била разгледана и на ден 03.12.2024 година со допис бр.03-233/2 го известил подносителот.

Согласно член 138 став 1 од Законот за јавни набавки секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да побара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за јавна набавка во рок и форма утврдени со закон. Жалбата се вложува во рок и во форма утврдени со закон, а надлежен орган за решавање по жалби во постапките за јавни набавки е Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Согласно член 141 став 2 точка 5 од Законот за јавни набавки, битна повреда на Законот е и доколку критериумите за способност не се утврдени во согласност со Законот.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Дополнително, согласно член 143 став 1 точка 1 од Законот за јавни набавки, жалба, во определениот рок меѓу другото се изјавува и во однос на содржината на огласот или тендерската документација.

Во таа насока, наведено е дека за конкретниот оглас бр.---------/-------- од ---------------- година, за набавка на стоки -храна, на договорниот орган ---------- ---------- ------------ - -------------- ----------- ----- ----- ------------- со отворено одделение во ---------, била водена жалбена постапка пред Државната Комисија за жалби по јавни набавки и истата со решение бр.09-848/20 од 06.11.2024 година, била отфрлена поради неоснованост, а при одлучувањето биле опфатени наводите од пријавата.

Во доставениот одговор на Министерството за внатрешни работи наведено е дека до Единицата за корупција при ресорното министерство не била проследена пријава која содржи наводи изнесени како во диспозитивот.

Од наведените причини, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, од причина што за предметниот случај постапено е од друг надлежен орган и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Заменик Претседател,**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал Ј.Ц, раководител на Одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на Сектор